КОНСТАН
www.constan.com.mk

Управување со проекти, обука, консалтинг, преведувачки услуги

Максим Горки 16, локал 3, 1000 Скопје;
E-mail: jsskopje.cs@gmail.com
Моб. тел.: 075 219 359;
КОНСТАН ДООЕЛ Скопје
ЕДБ: МК 4030002436354;

# ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКА НА КВАЛИТЕТ НА КОНСТАН ДООЕЛ СКОПЈЕ

Управителот, раководството, вработените и соработниците на Друштвото за интелектуални услуги и консалтинг КОНСТАН ДООЕЛ Скопје преку политиката за квалитет јасно ја изразуваат определбата за постојан напредок и развој во областа на полето на услугите за симултано и консекутивно преведување и толкување и организацијата на семинари и работилници. Политиката обезбедува рамка за одржување и постојано преиспитување на целите за квалитет во согласност со воспоставените работни процедури. Притоа, во претпријатието се води сметка секогаш да бидат исполнети следните барања:

- Постојано следење и контрола на процесите и вработените со цел подобрување на истите и задоволување на барањата и потребите на клиентите,
- Утврдување на: контекстот на организацијата; барањата и очекувањата на заинтересираните страни; опсегот на делување и деловните ризици и можности,
- Исполнување и работење во согласност со барањата на стандардот ISO 9001:2015,
- Избор и ангажман на квалификувани, мотивирани и лојални вработени/експерти/ соработници,
- Стремење за надградба и продлабочување на соработка со партнерите
- Исполнување на сите релевантни законски и други барања,
- Обезбедување на непречени услови за работа на вработените и надворешните соработници.

Жан Станоевски
Сопственик и управител

Скопје, 26.08.2022

Состојба: 09/2022